**2256.**

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015, 39/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019), и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 6 јуни 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, се разрешува Снежана Станковиќ, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 15-4935/2
6 јуни 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

---

**2257.**

Врз основа на член 10 став (1) од Законот за државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2007, 81/2007, 36/2011, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 61/2015, 152/2015, 53/2016, 83/2018, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/2022), и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 6 јуни 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. Горан Трајковски се именува за вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија, досегашен вршител на должноста директор на Инспекторатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 15-5614/1
6 јуни 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

---

**2258.**

Врз основа на член 64 став (1) и став (5) и член 65 став (1) од Законот за медијација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 294/2021) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 6 јуни 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА**

1. За член на Националниот совет за медијација, се именува Ќебир Авзиу.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 15-5615/1
6 јуни 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**2259.**

Врз основа на член 151 став (2) од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19 и 275/19), министерот за правда, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ДЕТЕ КОЕ Е ЖРТВА ИЛИ Е ОШТЕТЕНО СО ДЕЈСТВИЕ КОЕ СО ЗАКОН Е ПРЕДВИДЕНО КАКО КРИВИЧНО ДЕЛО НА НАСИЛСТВО И НА ДРУГИ АКТИ НА ИНДИВИДУАЛНО ИЛИ ГРУПНО НАСИЛСТВО ЗА 2023 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се обезбедуваат средства за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, за 2023 година.

Средствата за реализација на оваа програма, се обезбедуваат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, раздел 07001 – Министерство за правда, Програма 10 – Администрација, Категорија 46 – субвенции и трансфери, расходна ставка 464 –Разни трансфери.

II

Средствата од делот I од оваа програма, се користат за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, согласно одредбите од Законот за правда за децата.

За реализација на оваа програма од Буџетот на Република Северна Македонија одобрени се 3.000.000,00 денари.

III

Исплатата на обесштетувањето согласно оваа програма, од страна на Министерството за правда се врши најдоцна 30 дена по добивањето на конечното решение за исплата на обесштетувањето од надлежен суд.

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма, се грижи Министерството за правда.

V

Од страна на Министерството за правда до Владата на Република Северна Македонија се доставува извештај за реализација на средствата од оваа програма, најдоцна до 31 јануари 2024 година.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-24/6
8 јуни 2023 година
Скопје

Министер за правда,
**Кренар Лога,** с.р.

---

Në përputhje me nenin 151 paragrafi (2) të Ligjit për të drejtat e fëmijëve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 148/13 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 152/19 dhe 275/19 ), Ministri i Drejtësisë, solli

**PROGRAM**
**PËR DËMSHPËRBLIMIN E FËMIJËS QË ËSHTË VIKTIMË OSE ËSHTË DËMTUAR NGA NJË VEPRIM I CILI ME LIGJ PARASHIKOHET SI VEPËR PENALE ME DHUNË DHE TË AKTEVE TË TJERA TË DHUNËS INDIVIDUALE OSE GRUPORE, PËR VITIN 2023**

I

Me këtë program sigurohen mjete për dëmshpërblimin e fëmijës që është viktimë ose është dëmtuar nga një veprim i cili me ligj parashikohet si vepër penale me dhunë dhe të akteve të tjera të dhunës individuale ose grupore, për vitin 2023.

Mjetet për realizimin e këtij programi, sigurohen në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2023, ndarja 07001 - Ministria e Drejtësisë, Programi 10 - Administratë, Kategoria 46 - subvencione dhe transfere, zëri i shpenzimeve 464 - transfere të ndryshme.

II

Mjete nga pjesa I e këtij programi, përdoren për dëmshpërblimin e fëmijës i cili është viktimë ose është i dëmtuar me veprim i cili me këtë ligj është i parashikuar si vepër penale me dhunë dhe akteve të tjera të dhunës individuale ose grupore, në përputhje me dispozitat e Ligji për drejtësinë për fëmijët.

Për realizimin e këtij programi nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut janë miratuar 3.000.000,00 denarë

III

Pagesa e dëmshpërblimit në përputhje me këtë program, nga Ministria e Drejtësisë kryhet më së voni 30 ditë pas marrjes së aktvendimit të formës së prerë për pagesën e dëmshpërblimit nga gjykata kompetente.

IV

Për mënyrën dhe dinamikën e realizimit të këtij programi, kujdeset Ministria e Drejtësisë.

V

Ministria e Drejtësisë i dorëzon Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut raport për realizimin e mjeteve nga ky program, më së voni deri më 31 janar 2024.

VI

Ky program hyn në fuqi ditën e nesërme nga dita e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr. 14-24/6
8.6.2023
Shkup

Ministër i Drejtësisë
**Krenar Lloga,** d.v.